# МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 20 став 12 од Законот за Државниот инспекторат за земјоделство („Службен весник на Република Македонија“ бр.20/09), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА, СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА УПОТРЕБА НА СТОП ТАБЛИЦА

### Член 1

Со овој правилник се пропишува формата содржината и начинот на употреба на стоп таблица.

### Член 2

Стоп таблицата има округла форма со дијаметар 18 см изработен на пластична подлога со рачка, со гумен ракофат со должина 21 см со кожен ремен.

На округлиот дел на стоп таблицата има лента со црвена боја со ширина од 2 см, по оваа лента постои друга лента изработена од ретрорефлективна фолија со ширина од 2 см, во која стои натпис „СТОП ИНСПЕКЦИЈА“ испечатено со црни букви. Внатрешниот дел преставува круг од 8 см изработен од црвен катадиоптер.

Формата и содржината на стоп таблицата е дадена во прилог кој е составен дел на овој правилник.

### Член 3

Стоп таблицата ја употребува државниот инспектор за земјоделство и државниот фитосанитарен инспектор (во понатамошен текст: инспектор), заради запирање за вршење на контрола на сите моторни и други возила кои се движат на сите патишта.

Моторните и другите возила можат да се запираат кога постои основано сомневање дека превезуваат семе и саден материјал, производи и заштита на растенија, ѓубрива, тутун, риба, добиточна храна, афион и друго, на начин со кои нема да се попречува одвивањето на сообраќајот и на места на кои е избегната опасноста од сообраќајни незгоди (проширени места на патот, паркинг простори, прегледни места и слично).

**Член 4**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето на „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 10-16864/3 Министер за земјоделство,

31 декември 2009 година шумарство и водостопанство,

Скопје Љупчо Димовски, с.р.

Прилог

